ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2023 07 08/2

Скопје, октомври 2023 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Желино, на сметката на основен буџет (637) за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Желино, сметка на основен буџет (637) за 2009 година, во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Желино, сметка на основен буџет (637) за 2022 година, констатирани се следниве состојби:

- општината нема обезбедено имотни листови како доказ за правото на сопственост на дел од имотот;
- програмите за одделни дејности не се менуваат при неостварување на буџетот, не ги содржат пренесените обврски од минати години и не се изготвуваат посебни извештаи за искористените средства за реализација на активностите;
- општината склучила договор за јавно приватно партнерство, при што не се почитуваат неговите одредбите кои се однесуваат на обезбедување на потребната документација за поставување на јавно осветлување, обезбедување на банкарски гаранции и компаративни анализи на потрошената електрична енергија и
- за изградба на општинските патишта кои спаѓаат во втора категорија на градби не се обезбедени извештаи од технички преглед и записник за примопредавање на градбите помеѓу инвеститорот и изведувачот.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во текот на ревизијата од страна на Општина Желино извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи. Нето ефект на корекциите е зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 22.809 илјади денари.

Од страна на одговорното лице на Општина Желино не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 4 |
| 4. Законска основа за ревизијата и временски период | 10 |
| 5. Опфат и ограничувања | 10 |
| 6. Одговорност за финансиски извештаи | 10 |
| 7. Одговорност на ревизорите | 11 |
| 8. Недостатоци во внатрешната контрола | 12 |
| 9. Корекции во текот на ревизијата | 13 |
| 10. Одговор на ревидираниот субјект | 13 |
| Финансиски извештаи за 2022 и 2021 година | |
| Биланс на приходи и расходи | Error! Bookmark not defined. |
| Биланс на состојба | Error! Bookmark not defined. |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | Error! Bookmark not defined. |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | Error! Bookmark not defined. |
| Сметководствени политики | Error! Bookmark not defined. |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 22 |

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 29 – 174/14
Дата: 24.10.2023

## 1. Вовед

Општина Желино е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа преку облиците на непосредно изјаснување и преку демократски избрани органи на Општината.

Подрачјето на Општина Желино е определено со Законот за територијалната организација на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа . Согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во РСМ подрачјето на општината ги опфаќа подрачјата на населените места: Горна Лешница, Долна Лешница, Групчин, Добарце, Желино, Копачиндол, Ларце, Луковица, Мерово, Ново Село, Озормиште, Палатица, Рогле, Седларево, Стримница, Требош, Церово и Чифлик.

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Општина Желино согласно член 22 од Законот за локална самоуправа ги врши работите кои се однесуваат на: урбанистичкото планирање, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, социјалната заштита, образование, здравствена заштита, надзор над вршењето на работи од надлежност на општината и други работи определени со Закон.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна од 14 до 16 на Општина Желино, на сметката на основен буџет (637), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Желино за 2022 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Желино на ден 31 декември 2022 година на сметката на основен буџет (637), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Желино, за 2022 година, на сметката на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Врз основа на спроведен делбен биланс и Решение[1] на Владата на Република Македонија за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Желино, за дел од имотот општината има обезбедено имотни листови од Агенцијата за катастар на недвижности, за дел од имотот се отпочнати постапки за легализација на објектите, кои се во тек, а за дел од имотот не е извршена идентификација и не се обезбедени имотни листови.

Вредноста на недвижниот имот доделен на општината со Решението за делбен биланс, по дадената препорака на овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2009 година на Општина Желино е проценета во 2010 година и имотот за кој не е обезбеден имотен лист е евидентиран во вонбилансната евиденција.

Со извршениот увид во документацијата која се однесува на идентификација на недвижниот имот со ревизијата утврдивме дека кај два објекти задружни домови заради ненавремено преземени мерки за пренесување на правото на сопственост извршена е узурпација на општинскиот имот и губење на сопственоста и тоа:

- за објект задружен дом[2] доделен со делбениот биланс во 2000 година, врз основ на доделено право за користење на земјиштето од минати години на земјоделска задруга, задругата најпрво го запишала правото на користење на земјиштето во имотен лист, а потоа врз основ на Одобрение за пренамена издадено од градоначалникот на оопштината во 2010 година, запишан е и објектот во АКН како сопственост на земјоделската задруга, која подоцна истиот го продала. Во меѓувреме општината во 2016 година има поднесено барање за легализација на објектот, која постапка е прекината заради добиено известување дека објектот е евидентиран во имотен лист на друг сопственик, а земјоделската задруга има поднесено барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост и
- за објект задружен дом[3] за кој е обезбеден имотен лист на име на Општина Желино на кој е евидентирано земјиште под зграда, на лице место постои нов изграден објект без одобрение за градба, а во исто време постои и барање за легализација на објектот.

Општината ја нема потврдено сопственоста ниту на деловниот простор во кој е сместена, кој е изграден врз основ на одобрение за градење, а е евидентиран во сметководствената евиденција врз основ на извршените градежни активности,

---
[1] Бр.23-257/117 од 23.02.2000 година
[2] К.О. Групчин ПЛ. 210 КП. бр. 1325/3 КО Групчин
[3] К.О. Стримница ПЛ. 86 КП. БР. 505, 704 И 705

времени ситуации и Записник за примопредавање на објектот, во износ од 39.006 илјади денари[4].

Наведената состојба не е во согласност со член 137 и член 142 од Законот за катастар на недвижности според кој запишувањето на правото на сопственост и другите стварни права на недвижности во катастарот е задолжително. Необезбедените имотни листови како доказ за правото на сопственост не овозможуваат сметководствено евидентирање на позициите Материјални средства и Државен јавен капитал, што не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори на 31.12.2022 година и овозможуваат узурпација на општинскиот имот и губење на сопственоста, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и податоците / информациите кои ги даваат истите.

Препорака

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за идентификација на имотот добиен со делбен биланс и обезбедување на имотни листови и евидентирање на утврдената вредност на градежните објекти кои се сопственост на општината на соодветните билансни позиции во деловните книги на општината.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со Законот за локална самоуправа дефинирани се надлежностите и работите од јавен интерес и локално значење кои општината самостојно ги врши. Работите кои општината задолжително ќе ги врши се уредуваат со Програми кои ги носи советот на општината, а начинот на изготвување и донесување е уреден со Статутот. Со Програмите се дефинираат проектите и активностите кои општината планира да ги спроведе во тековната година во определена дејност, начинот на кој истите ќе се спроведат и предвидениот буџет.

Со извршениот увид во начинот на распределба на средствата по програмите и нивната реализација утврдивме дека програмите за одделни дејности ги содржат проектите што треба да се реализираат во тековната година, но не содржат пренесени обврски од минати години и не се менуваат при неостварување на буџетот на општината, што создава ризик од преземање на обврски, иако нема реална можност за обезбедување на средства.

За реализација на Програмите за одделни дејности не се изготвени извештаи со наративен опис за реализираните активности и финансиски податоци за искористените средства за секоја поединечна активност, ниту се преземени активности за информирање на јавноста за степенот на реализирање на програмите.

Исто така, не е донесена Програма за изградба на системи за водоснабдување иако е предвидена со буџетот на општината за 2022 година, а за извршените градежни

[4] Бр.08-316/4 од 15.12.2006 година

активности за поставување на водовод и канализација во тековната и минати години исплатени се средства во износ од 7.106 илјади денари.

Наведеното не е во согласност со член 3 и 37 од Законот за буџетите[5] каде е уредено дека Буџетите се подготвуваат и извршуваат во согласност со начелата на сеопфатност специфичност, економичност, ефикасност, ефективност, транспарентност и сигурно финансиско управување и има влијание на управувањето со буџетските средства.

Препорака

Градоначалникот и одговорните лица за подготовка и реализација на програмите да ги преземат следните активности:

- Програмите за одделни дејности реално да се планираат, да се менуваат при неостварување на буџетот и да ги содржат пренесените обврски од минати години и
- да изготвуваат посебни извештаи за искористените средства за реализација на активностите и тоа со наративни и финансиски податоци за секоја поединечна активност согласно Програмата, истите да се разгледуваат и усвојуваат од страна на Советот на општината, како и информирање на јавноста и граѓаните за реализацијата на програмските активности.

3.2.2. Општина Желино има склучено договор[6] за јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување за период од 10 години. На договорот му претходи физибилити студија која со Заклучок[7] е усвоена од Советот на општината и по спроведена постапка за јавна набавка, донесена е Одлука за избор на најповолна понуда[8]. Предмет на договорот е изработка на техничка документација и оперативен план (динамика) за имплементација на предметот на договорот, демонтажа на постојните, набавка и монтажа на нови ЛЕД светлински арматури, нивно одржување во периодот на траење на договорот и предавање на светилките и останатата опрема во сопственост на јавниот партнер по завршување на договорот.

Вредноста на договорот изнесува вкупно 72.951 илјади денари со пресметан ДДВ, а надоместокот кој ќе го плаќа Општина Желино на приватниот партнер на месечно ниво за времетраењето на договорот изнесува 608 илјади денари со пресметан ДДВ. Во оваа вредност не се вклучени трошоците за потрошена електрична енергија за кои во периодот на договорот ќе се грижи јавниот партнер. Во 2022 година на приватниот партнер исплатени се средства во износ од 2.408 илјади денари.

---

[5] Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, 151/21 и 87/22

[6] Бр.09-380/12 од 17.05.2021 година

[7] Бр.08-527/5 од 27.05.2019 година

[8] Бр.08-612/7 од 20.04.2021 година

По извршеното поставување на штедливи ЛЕД светилки од страна на Комисијата за следење и верификација на исполнување на договорот за ЈПП, изготвени се Записници за извршена работа, потпишани од комисијата и приватниот партнер.
Со увид во начинот на реализација на договорот, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- од страна на приватниот партнер не е изготвена техничка спецификација согласно тендерската документација и динамички план одобрен од јавниот партнер, што претставува обврска предвидена во член 6 од Договорот;
- согласно член 13 од договорот, приватниот партнер има обврска да обезбеди минимална заштеда на електрична енергија од 35% во сооднос со потрошувачката на електрична енергија од постојниот систем на улично осветлување пред и после модернизацијата. До моментот на вршење на ревизијата, општината нема извршено компаративни анализи на потрошената електрична енергија за да го утврди ефектот на заштеди на енергија;
- приватниот партнер нема доставено гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на Договорот и гаранција за квалитетно одржување во висина од еден месечен надоместок со обновување за секоја година, што не е во согласност со член 18 од договорот;
- од страна на комисијата за следење и верификација на договорот не е изготвен годишен извештај, врз основа на кој по завршување на договорот за ЈПП ќе се изготви конечен извештај што не е во согласност со член 20 од Договорот.

Поради неизвршените контролни активности врз работата на приватниот партнер по замената на светилките, општината не е во можност да оцени дали се постигнати целите со јавното приватно партнерство во однос на оптимизација на системот за јавно осветлување, подобрување во ефикасноста во давањето на услуги кон граѓаните и намалување на трошоците. Исто така, поради не преземени мерки и активности за обезбедување на банкарски гаранции , општината не може да изврши наплата на штета во случај на неквалитетно извршување на договорот како и ненавремено извршување на работите.

### Препорака

Комисијата за следење и верификација на исполнување на договорот за јавно приватно партнерство да ги преземе следните активности:

- да изготви годишен извештај за реализација на Договорот;
- да изврши анализи на потрошената електрична енергија за да го утврди ефектот на заштеди на енергија од склучувањето на јавно приватно партнерство и

- да обезбеди гаранција за квалитетно одржување во висина од еден месечен надоместок, со обновување за секоја година.

3.2.3. Општина Желино во периодот 2011 до 2019 година од сметките за разни трансфери и капитални субвенции има исплатено средства во вкупен износ од 30.293 илјади денари на сметката на ЈКП Мирмбајтја. Средствата се исплатени по Барање на ЈКП, а се наменети за плаќање на ситуации и фактури кон добавувачи на јавното претпријатие. Исплатата на средствата се врши по Решение на градоначалник, при што за вредноста на исплатените средства се зголемени позициите долгорочни пласмани и капиталот на општината. Исплатата на средства и зголемувањето на капиталот на општината без Одлука на Совет не е во согласност со член 36 од Законот за локалната самоуправа, каде е уредено дека Советот одлучува за начинот на располагање на сопственоста на општината и има за ефект помал основачки влог во главнината на ЈКП.

Препорака

Градоначалникот на општината да преземе мерки исплатата на средства кон ЈКП да се врши врз основ на донесена Одлука на Совет со која ќе се прецизира намената на средствата како основачки влог.

3.2.4. Со ревизија на документацијата за изведување на градежни работи кои се однесуваат на изградба и реконструкција на локални патишта и улици во населени места во општината и изградба на системи за водоснабдување, утврдивме дека:

- извршени се градежни работи во износ од 15.011 илјади денари, за кои не е изготвен извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер во кој треба да се констатира дека градбата може да се стави во употреба, ниту е направен записник за извршено примопредавање помеѓу инвеститорот и изведувачот за изведените градби. Ваквиот начин на работа не е во согласност со одредбите од член 36, 89 и 95 од Законот за градење каде е предвидено дека за секоја фаза во текот на градењето надзорниот инженер составува писмен извештај за извршената проверка со оцена за усогласеноста на градбата со проектот и условите за градење и изготвува извештај за извршен техничкиот преглед, а изведувачот и инвеститорот вршат примопредавање на градежниот објект и за тоа составуваат записник за примопредавање на изведена градба како градежен објект;
- за изградба на секундарна водоводна мрежа со разделни шахти за приклучување на потрошувачи во населено место Мерово склучен е договор[9] на износ од 6.667 илјади денари, при што извршени се градежни активности во износ од 4.999 илјади денари, за кои е изготвен периодичен извештај од страна на надзорниот инженер. Заради погрешна пресметка во проектот, дел од ставките од премер пресметката и склучениот договор со изведувачот се

[9] Бр.15-987/1 од 28.07.2022

јавуваат како вишок, па изведувачот стоките во износ од 538 илјади денари, со одобрение од 10% заради неизвршена монтажа, ги доставил до Јавното комунално претпријатие да се искористат за одржување и интервенција на водоводната мрежа на територија на Општина Желино. Предавањето на стоките е извршено со Записник[10] потпишан од изведувачот, градоначалникот и директорот на ЈКП, без донесена Одлука на Совет, што не е во согласност со член 36 од Законот за локалната самоуправа, каде е уредено дека Советот на општината одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината и има за ефект намалување на сопственоста на општината. И кај овој градежен објект не е изготвен извештај за извршен технички преглед од надзорниот инженер во кој треба да се констатира дека градбата може да се стави во употреба, ниту е направен записник за извршено примопредавање помеѓу инвеститорот и изведувачот за изведената градба.

Необезбедените документи потребни за градбите за кои инвеститор е општината има за ефект несоодветно управување со имотот на општината како и користење на објекти без одобрение за употреба што може да има несакани последици по корисниците на истите.

Препорака

Градоначалникот на општината и општинската администрација одговорна за наведената област, да преземат мерки и активности за:

- обезбедување на комплетна документација за извршените градежни работи, примопредавање на градежните објекти помеѓу инвеститорот и изведувачот по изготвување на извештајот за извршен технички преглед од страна на надзорниот инженер и
- поднесување на пријава и запишување на извршените градби во јавната книга на недвижности кај АКН и обезбедување на документ за сопственост.

3.2.5. Со увид во постапките за јавна набавка за изведување на градежни работи ревизијата утврди дека од страна на општината склучен е договор[11] со економски оператор за набавка, транспорт и монтажа на префабрикувани бетонски плочки, тампонски материјал и песок во износ од 8.496 илјади денари, при што ревизијата утврди:

- иако постапката е спроведена како постапка за набавка на работи, што вклучува набавка, транспорт и монтажа на префабрикувани бетонски плочки, тампонски материјал и песок, техничката спецификација и премер пресметката содржи само позиции и единична цена по позиција без да содржи количини за изведба на работите кое има влијание при изборот на најповолен понудувач. Ваквата состојба не е во согласност со член 81 став 1 и

[10] Бр.09-1491/1 од 02.11.2022 година
[11] Договор бр.15-1173/1 од 03.08.2021 година и Анекс на договорот бр.09-1496/2 од 14.10.2021 година

82 став 1 од Законот за јавните набавки каде е предвидено дека договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка, а предметот на набавка се опишува на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган;

- општината како инвеститор, за износот утврден со договорот извршила набавка на стоки - бетонски плочки, а градежните активности без изготвен проект и проектна документација се изведени од страна на месните заедници на општината. За извршената работа не е извршен надзор од страна на надзорен инженер, туку комисија од општината извршила контрола над изведените работи, за што е составен и записник, со прилог фотографии. Ваквото постапување при реализација на инфраструктурните вложувања не е во согласност со членовите 13 и 43 од Законот за градење и не дава основ за реално планирање на вредноста на работите што треба да се изведат и оневозможува да се врши контрола на изведените работи во квантитет, што создава ризик од преземање на обврски за несоодветно и неквалитетно извршени работи.



село Требош



село Ларце

Препорака

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

- изготвувањето на техничката спецификација да биде на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин кој ќе обезбеди споредливост на понудите во поглед на условите и барањата утврдени од договорниот орган;
- планирањето на градбите и нивната изведба да се врши врз основа на проект изработен од лиценцирани правни субјекти кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за градење и

- надзорот над изградбата да го вршат правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за градење.

## 4. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 08.05 до 14.07.2023 година, кај Општина Желино на сметката на основен буџет (637) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Општина Желино, сметка на основен буџет (637), за 2009 година при што е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 5. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 6. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Општина Желино застапувана од:

- м-р Блерим Сејди, градоначалник на Општина Желино од 03.11.2017 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 7. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија. и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на општината, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на

ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 8. Недостатоци во внатрешната контрола

8.1. При оцена на системот на внатрешни контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира:

- не се назначени одговорни лица за ex ante и ex post контрола со верификација за извршената контрола на документацијата, овластени лица за преземање на финансиски обврски и лице овластено за плаќање и
- не е назначено лице и не се следи реализацијата на склучените договори за набавка на стоки и услуги.

Утврдената состојба не е во согласност со член 16, 20 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, поради што во Општина Желино не е воспоставен целосен систем на внатрешни контроли со кои ќе се намалат ризиците од работењето и ќе се обезбеди ефикасен систем на управување со јавните средства.

### Препорака

Градоначалникот на Општината да преземе активности за назначување на одговорни лица за ex ante и ex post контрола, овластени за преземање на финансиски обврски, лице овластено за плаќање и лице за следење на реализацијата на договорите, кои ќе вршат контрола и верификација за извршената контрола на документацијата.

## 9. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на Општина Желино извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи. Нето ефект на корекциите е зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 22.809 илјади денари и тоа на:

- сметката материјални средства во подготовка и други ПВР и градежни објекти и државен јавен капитал, поради неизвршен пренос на завршени градежни објекти евидентирани на сметката материјални средства во подготовка на сметката градежни објекти, не евидентирање на завршени градежни објекти на сметката градежни објекти, не евидентирање на времени ситуации за градежни работи во тек на сметката материјални средства во подготовка и погрешно книжење. Ефектите од извршените корекции се зголемување на вредноста на градежни објекти за 169.372 илјади денари и државниот капитал за 170.618 илјади денари, како и намалување на вредноста на материјални средства во подготовка за 148.964 илјади денари и ПВР за 150.210 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог број 03 од 01.08.2023 година.
- сметката АВР и краткорочни финансиски обврски и обврски спрема државата и други институции, поради неевидентирањето на обврските по основ на надоместоци за советниците. Вкупните ефекти од извршените корекции се зголемување на АВР за 2.401 илјада денари, краткорочни финансиски обврски за 2.161 илјада денари и обврски спрема државата и други институции во износ од 240 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог број 03 од 01.08.2023 година.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Желино одржан на ден 17.08.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на одговорното лице на Општина Желино не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 78.986 | 91.972 |
| **Вкупно приходи** | | **78.986** | **91.972** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 27.053 | 24.548 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 20.545 | 26.705 |
| Каматни плаќања | 3.2.3 | 32 | 94 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4 | 1.359 | 2.065 |
| Социјални бенефиции | | 0 | 50 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **48.989** | **53.462** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3 | 26.891 | 35.632 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **26.891** | **35.632** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1 | 197.920 | 192.483 |
| **Вкупно тековни средства** | | **197.920** | **192.483** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 42 | 4 |
| Материјални средства | 4.2.2 | 435.095 | 227.748 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3 | 35.575 | 170.450 |
| Долгорочни пласмани | 4.2.4 | 30.293 | 30.293 |
| **Вкупно постојани средства** | | **501.005** | **428.495** |
| **Вкупна актива** | | **698.925** | **620.978** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 134.223 | 127.969 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 7.338 | 5.404 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3 | 278 | 68 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4 | 1.926 | 1.988 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5 | 35.575 | 171.696 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **179.340** | **307.125** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | **54.155** | **57.054** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1 | 465.430 | 256.799 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **465.430** | **256.799** |
| **Вкупна пасива** | | **698.925** | **620.978** |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА | 4.6 | | |
| **Активни сметки** | | 32.024 | 32.024 |
| **Пасивни сметки** | | 32.024 | 32.024 |

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕГЛЕД | | |
| НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА | | |
| | | во 000 денари |
| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
| Состојба 01.01.2022 година | 256.799 | 256.799 |
| Зголемување по основ на: | 218.253 | 218.253 |
| Набавки | 4.886 | 4.886 |
| Пренесени средства од инвестиции во тек | 170.618 | 170.618 |
| Ревалоризација на капитални средства | 42.749 | 42.749 |
| Намалување по основ на: | 9.622 | 9.622 |
| Отстапување без надомест | 307 | 307 |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | - |
| Амортизација | 9.315 | 9.315 |
| Состојба 31.12.2022 година | 465.430 | 465.430 |